Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

Скопје, март
2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 26. 03. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1884/1 | | |

До

Претседателот на Собранието на

Република Северна Македонија

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за процена.

Пратеници:

**Пратеници:**

Тони Ѓаресски

Бране Петрушевски

Жерменя Јакимовска

Сергеј Попов

Драгана Бојковска

Бети Стаменкоска Трајкоска Б.С.Т.

[illegible] Пешевска

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за процена се уредуваат вршењето на процена, областите, условите и начинот на вршење на процена, субјектите што вршат процена, условите и постапката за полагање на стручен испит заради издавање или одземање на лиценца за процена, награда и надоместок на трошоците за извршената процена, надлежноста, организацијата и работењето на Комората на проценители на Република Македонија, како и други прашања кои се однесуваат на процената.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, се направи реорганизација на ресорите, надлежностите и називите на дел од министерствата.

Заради усогласување на текстот на Законот за процена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, потребно е да биде донесен Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за процена.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овие законски измени е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за процена нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за процена нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

Член 1

Во Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ број 115/10, 158/11, 185/11, 51/12, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), во членот 5 став (1) точката 11) се менува и гласи:

„информациско комуникациски технологии;“.

Во став (2) во алинејата 1 по зборот „економија“ се додаваат и зборовите: „и труд“.

Во алинејата 2 зборовите: „и врски“ се бришат.

Во алинејата 4 по зборот „култура“ се додаваат зборовите: „и туризам“.

Во алинејата 6 зборовите: „информатичко општество“ се заменуваат со зборовите: „дигитална трансформација“.

Член 2

Во членот 19-б став (5) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 3

Во членот 19-љ став (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 4

Започнатите постапки за полагање на стручен испит за проценувач и ревизија на спроведените стручни испити ќе завршат согласно со одредбите на Закон за процена („Службен весник на Република Македонија“ број 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

Член 5

Започнатите постапки за издавање и одземање на лиценца и бришење од Регистарот ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 6

Комисијата за полагање и верификација именувана до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да работи до денот на истекот на мандатот за кој е именувана.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за процена е систематизиран во 7 члена.

Со член 1 се менува член 5, во ставот (1) се менува точка 11 и информатичка технологија се заменува со информациско комуникациски технологии. Во ставот се менуваат алинеите 1, 2, 4 и 6 и се прави терминолошко усогласување согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со член 2, во член 19-б се прави терминолошко усогласување согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со член 3, во член 19-љ, се прави терминолошко усогласување согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со членот 4 се утврдуваат преодни одредби за започнатите постапки за полагање стручен испит за проценувач и ревизија на спроведените стручни испити.

Со член 5 се утврдуваат преодни одредби за започнатите постапки за издавање и одземање на лиценца и бришење од Регистарот.

Со член 6 се утврдуваат преодни одредби за мандатот на Комисијата за полагање и верификација.

Со член 7 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

### Области за процена
### Член 5

(1) Процената се врши во следниве области:
1) трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица;
2) недвижен имот;
3) подвижен имот;
4) побарувања и обврски;
5) машини и опрема;
6) транспортни средства;
7) земјоделство, шумарство и водостопанство;
8) индустриска сопственост;
9) авторски права и сродни права;
10) заштита на животната средина;
11) информатичка технологија;
12) полициска и воена опрема и
13) други области утврдени со закон.

(2) Надлежни министерства за издавање на лиценци по области:
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точки 1, 3, 5 и 8 на овој член е Министерството за економија,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точки 2 и 6 на овој член е Министерството за транспорт и врски,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 7 на овој член е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 9 на овој член е Министерството за култура,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 10 на овој член е Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 11 на овој член е Министерството за информатичко општество,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 12 на овој член се надлежни Министерството за внатрешни работи за полициска опрема и Министерството за одбрана за воена опрема,
- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 4 на овој член е Министерството за финансии и
- за издавање на лиценца во други области утврдени со закон надлежно е соодветното министерство.

### Член 19-б

(1) Стручниот испит (првиот дел-теоретски дел и вториот дел-студија на случај) се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред

одржување на испитот преку веб страната на надлежното министерство и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на стручниот испит од ставот (1) на овој член се снима и во живо се емитува на веб страницата на надлежното министерство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на надлежното министерство.

(4) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит од ставот (1) на овој член ги пропишува надлежниот министер.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагање на испитот од ставот (1) на овој член, се присутни двајца претставници од надлежното министерство, еден претставник од Комората на проценувачи, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што надлежниот министер донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до надлежното министерство најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија

Член 19-љ

(1) Тестовите, студиите на случај и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите, студиите на случај и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и студијата на случај, како и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во надлежното министерство.

(3) Надлежниот министер на соодветното министерство формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од став (2) на овој член и во која, покрај претставник од надлежното министерство и претставник од Комората на проценувачи, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно членот 10 од овој закон, но не порано од денот на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за процена (,,Службен весник на Република Македонија“ број 188/14), за што доставува извештај до надлежното министерство.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија за што надлежниот министер  донесува решение.
(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит од страна на поединци во смисла на член 19-в став (5) на овој закон, предлага одземање на уверението од член 19-к на овој закон.
(7) Надлежниот министер донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од став (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.